Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 септември 2023 година**

**Скопје, септември 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 септември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 8:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

2. Предлог-одлука за намалување на увозните давачки за увоз на свеж зеленчук

3. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

4. Предлог-одлука за укинување на увозните давачки за увоз на агруми, свежи или сушени

5. Предлог-одлука за намалување на увозните давачки за увоз на свежи домати, краставици и пиперки

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Информација за воспоставување соработка со Амбасадата на Република Франција со Меморандум за соработка и Годишна програма за 2023 година, со усогласен текст на Меморандум

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за намалување на увозните давачки за увоз на свеж зеленчук и ја донесе Одлуката за намалување на увозните давачки за увоз на свеж зеленчук.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 4</u>**

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за укинување на увозните давачки за увоз на агруми, свежи или сушени и ја донесе Одлуката за укинување на увозните давачки за увоз на агруми, свежи или сушени.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја донесе Одлуката за намалување на увозните давачки за увоз на свежи домати, краставици и пиперки.

**<u>Точка 6</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 7</u>**

**1.** Владата ја овласти м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, да го потпише анексот за дополнување на Колективниот договор за социјална заштита со Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија, како репрезентативен синдикат на ниво на гранка, односно оддел.

**2.** Владата по повод укажувањето на Славјанка Петровска, министер за одбрана, за потребата, одредени катастарски парцели кои се во сопственост на Република Северна Македонија и на кои нема изградено објекти, да бидат дадени на користење на Министерството, односно на Армијата, ги задолжи Министерството за одбрана и надлежните институции за ова да ги започнат потребните постапки и потоа до Владата да ги доставаат соодветните акти.

**<u>Точка 8</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување соработка со Амбасадата на Република Франција со Меморандум за соработка и Годишна програма за 2023 година, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Амбасадата на Француската Република во Република Северна Македонија.

2. Се овластува д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Амбасадата на Француската Република во Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на март 2024 година, да ја информираа Владата за спроведувањето на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Амбасадата на Француската Република во Република Северна Македонија.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 8:55 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**